

Кузман Сотировски (срп. Ситировиќ) – Чокалија (16.X 1908 – 25. VII 1990) е македонски фудбалер и прв македонски олимпиец кој играл за Кралството Југославија (Кралство на Србите, Хрватите и Словенците до 1929 г). Фудбал почна да игра во подмладокот на Белградскиот спорски клуб (БСК), а во првенството 1927 – 1928 година бил најдобар стрелец. Познат како Чокалија, тој ги бранел боите на Белград и пет пати играл за репрезентацијата на Југославија (1928 - 1931), за која постигнал два гола.

Кузман Сотировски е роден на 16 октомври 1908 година во тетовското село Стенче. Тој имал тројца браќа кои во 1913 година заминале на печалба во Белград, каде отвориле фурна и никогаш не се вратиле во селото. Еден од браќата при посета на родното место му донел на Кузамн топка, која ја купил во Букурешт. Таа била првата топка во селото и првото искуство.

Љубовта кон топката продолжила и по доаѓањето во Балград, каде младиот Кузман почнал да игра фудбал во подмладокот на Белградскиот спортски клуб (БСК). Набрзо влегол во првиот тим и во првенството 1927 – 1928 година бил најдобар стрелец во лигата (шест гола од пет натпревари). Четири пати со својот тим го освојувал првенството на Југославија.

Кузман бил со низок раст и осредни физички карактеристики. Како играч на напаѓачката тројка (водач на нападот), тој најчесто играше од "втората линија", каде како добар техничар вешто ги избегнувал судирите со противниците и итро ги наоѓал најдобрите решенија. Ведрата  природа на итриот Кузма се одразувала во неговата игра и спортскиот дух на теренот.

Кузман Сотировски – Чокајлија ги бранел боите на градската селекција на Белград на 19 натпревари и пет пати играл за репрезентацијата на Југославија (1928 - 1931), за која постигнал два гола. Всушност, тој е првиот Македонец кој заиграл за репрезентацијата на Кралството СХС, потоа Југославија, и првиот фудбалер од Македонија кој учествува на Олимписките игри.

Првапат за репрезентацијата Кузам играл заедно со уште четири дебитанти, на натпреварот Југославија – Романија, кој се одиграл на 6 мај 1928 година во Белград за Куп на пријателски земји. На напреварот во кој Југославија победила со 3:1 (3:0), тој дал два гола. Истата година, со репрезентацијата учествува на Олимписките игри во Амстердам, каде по поразот од Португалија со 2:1, Југославија отпаднала од понатамошното натпреварување.

Својот последен натпревар за репрезентацијата на Југославија, Кузман Сотировски – Чокајлија го одиграл на 4 октомври 1931 година во Софија, на Балканскиот куп, на кој Југославија беше поразена со 3:2.

Инаку, Кузман Сотировски – Чокајлија, по завршување на првенството 1927/1928 година, како најдобар голгетер заминал да игра во Франција. Тој играл за францускиот фудбалски клуб ФК Сет (1928-1932), а потоа во СК Монпелје. По престанувањето со активната игра, Кузман останал да живее во Париз.

Кузман Сотировски – Чокајлија умира на 25 јули 1990 година во Париз, во 82 година. Неговите посмртни остатоци се погребани на Новите гробишта во Белград.